# РЕВИТА

РЕ МЕДИКА
прва приватна општа болница

БРОЈ 39 ● АПРИЛ 2025 ● БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

нова македонија ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

20 ГОДИНИ

РЕ МЕДИКА
ПУЛСИРАМЕ ЗАЕДНО


Сончев
витамин
во секој ден
од годината!
MULTI ESSENCE
ВИТАМИН
Д3
Повеќе
од витамин.
ВИТАМИН Д3 1000
ВИТАМИН Д3 4000 IU
ВИТАМИН Д3 2000
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА


4 И по 20 години го имаме истиот жар како сега да почнуваме





6 Дваесет години доверба е чест и поттик





8 Ние сме уникантни во понудата, она што го работиме е привилегија во медицината





10 Вашето здравје е наш приоритет





13 Чест е да се биде дел од овој колектив





14 Стекнатата доверба се проширува, 20 години врвна медицинска нега





17 Нашиот стремеж е систем кој одговара на иднината





19 Чувството дека сме помогнале е нашата најголема гордост





21 Наша грижа е пациентите да добиваат точни информации





22 „Ре-Медика“ - 20 години во служба на новиот живот





24 Прекрасно е кога ја чувствувате поврзаноста со пациентите





26 Се гордеам кога ќе го видам името на „Ре-Медика“ покрај имињата на светските центри





28 Нашата успешна мисија е задоволни пациенти





30 Врвен професионализам за врвна хигиена




## импресум


РЕВИТА

**Уредник:** Наташа Бошковска-Златкова
**Стручни соработници:**
Проф. д-р Ѓорѓи Оровчанец,
Проф. д-р Ацо Димов,
Проф. д-р Зоран Петановски,
Проф. д-р Александар Митевски,
Прим. д-р Марина Поп-Лазарова,
Прим. д-р Иванка Стефановска,
Д-р Звонко Крстевски
**Дизајн:** Дејан Јовески

**Уредник на фотографија:** Горан Анастасовски
**Лектор:** Светлана Арсовска
**Печат и дистрибуција:**
тел. + 389(02) 5511740
**Маркетинг:** тел. + +389(02) 5511723
**Редакција:** тел. + 389(02) 5511711
**Издавач:** „РЕПРО ПРИНТ“доо Скопје
**Директор:** Ратко С. Лазаревски
**Печати:** Печатница Серафимовски - Скопје

**„Ревита“ излегува на секои три месеци**



РЕ МЕДИКА
прва приватна општа болница

**Прва приватна општа болница Ре-Медика**
16-та Македонска бригада бр.18
1000 Скопје, Р. Македонија
Тел: 2 603 100, 2 603 110,
Фах: 2 603 103
info@remedika.com.mk
www.remedika.com.mk

# И по 20 години го имаме истиот жар како сега да почнуваме

Две децении подоцна продолжуваме да ја надградуваме нашата визија за врвно здравство, како да сме на почетокот - со истиот жар, енергија и емпатија, а дведецениската доверба од пациентите е нашиот предизвик за висок професионализам и стремеж кон нови знаења и вештини

„Ре-Медика“ почна да ја реализира својата визија за врвно здравство на 7 април 2005 година, на Светскиот ден на здравјето. Тогаш го почнавме она по што и денес сме препознатливи - градење успешен лик на врвна медицинска установа и лик на медицински работник препознатлив по стручниот, хуманиот и етичкиот пристап. Ние сме првата целосно приватна општа болница во Македонија и како таква многу брзо бевме препознаени и наградени и со меѓународно признание за најдобра инвестиција во Југоисточна Европа за 2005 година.

Две децении подоцна продолжуваме да ја надградуваме таа наша визија, како да сме на почетокот – со истиот жар, енергија и емпатија, а дведецениската доверба од пациентите е нашиот предизвик за висок професионализам и стремеж кон нови знаења и вештини.

Народот вели дека болниот има само една желба во животот, а тоа е да оздрави. Тоа се нашите секојдневни предизвици. Тоа е „Ре-Медика“, нераскинлива врска меѓу здравјето, успехот и среќата во животот. Тоа е нашата установа која со хумана мисија верно ѝ служи на заедницата.

Дали сме задоволни од постигнатото? Да. За две децении бројот на персоналот е зголемен тројно. Почнавме со 75 вработени, а денес броиме над 250 редовно вработени и повеќе од 30 консултанти од разни области.

Во 2006 година формиравме Центар за женско здравје со симболот на пеперутка за интегриран дијагностички пристап кај женската популација. Во 2011 година отворивме дисперзирана единица во Струмица. Во 2013 година почна просторното проширување на „Ре-Медика“, кое беше завршено во 2017 година. Сите овие години бевме активни учесници во развојот на медицинската наука, ги следевме новите достигнувања, користевме нови напредни технологии и техники на работа.

Учествувавме во разни научни проекти од областа на медицината, како Проектот за лекување со матични клетки на исхемични рани и Проектот за иновативни имунолошки терапии во борба против карциномот.

Вредно работевме повеќе од 20 години на полето на стандардизација и акредитација на процесите на работење во нашата болница. Спонзориравме млади студенти од медицински науки, организиравме и учествувавме во многу хуманитарни акции и дававме поддршка на здруженија на лица со попреченост.

Во 2023 година остваривме соработка со Шангајскиот универзитет за медицина и здравствени науки, кој во „Ре-Медика“ отвори демонстративно-апликативна база за презентација на врвни медицински истражувања.

Не дека правиме нешто невозможно, туку посветено и со ентузијазам работиме како што бараат етиката и врвната медицина. За нас пациентите не се само бројка. Тие нѐ препознаваат и покажуваат дека веруваат во нашата професионалност. Ни ја даваат својата доверба и избираат да бидат таму каде што се чувствуваат како дома, почитувани и задоволни, а нивната среќа е и наша.

Со вакви вредности ја градевме „Ре-Медика“ - куќата на здравјето. Не прифаќавме порази ниту просечност и горди сме на своите успеси.

Посветени на својата визија преку инвестиции во млад кадар, чекориме по зацртаниот пат на успехот. Ова е нашиот 20-годишен времеплов. Денес, за миг, се сеќаваме како стигнавме до овде, а чинам како сега да почнуваме.

Приватниот здравствен сектор во Македонија има силен потенцијал.



Наша заедничка обврска со Министерството за здравство и со Фондот за здравствено осигурување е да се најдат начини за да услугите во приватниот сектор бидат достапни до секој граѓанин.

Најголемата награда и почит за својата работа лекарите ја добиваат од пациентите. Лекарската професија е хумана и благородна и мора да остане чиста и со гордост да се чува. Академски титули - да, но заслужена почит од пациентот пред сѐ.

**Елица Јорданова, генерална директорка на „Ре-Медика“**

**“Посветени на својата визија преку инвестиции во млад кадар, чекориме по зацртаниот пат на успехот. Денес, за миг, се сеќаваме како стигнавме до овде, а чинам како сега да почнуваме”**

ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР МИТЕВСКИ,
МЕДИЦИНСКИ ДИРЕКТОР НА „РЕ-МЕДИКА“

# Дваесет години доверба е чест и поттик

Две децении сме здравствен партнер на нашите пациенти. Со професионализам и со постојано стручно и технолошко надградување „Ре-Медика“ е и ќе биде она што треба да биде - една современа болница, во вистинска смисла на зборот, вели проф. д-р Александар Митевски, медицински директор на „Ре-Медика“ и шеф на Одделот за хирургија

**Како медицински директор, „Ре-Медика“ ја водите околу две години. Како се чувствувате по повод прославувањето на 20-годишнината на болницата?**

- Иако две години се наоѓам на местото медицински директор, веќе осум години сум дел од „Ре-Медика“ и ми претставува големо задоволство и чест што сум на таква позиција во една реномирана куќа, која оваа година го слави својот 20-ти роденден. Не ме изненадува воопшто тоа што „Ре-Медика“ веќе 20 години успешно и со сигурност гради една слика за тоа каква треба да биде една болница во денешно време, во вистинска смисла на зборот.

**Какво е вашето досегашно искуство како медицински директор на првата приватна општа болница?**

- Можам да кажам дека работата како медицински директор во „Ре-Медика“ е многу едноставна. Болницата има поставени стандарди и има веќе стекнати навики во самата куќа, што многу ја поедноставува работата. Иако на почетокот беше предизвик да се прифати позицијата која носи голема одговорност, самата системска поставеност на обврските, должностите и одговорноста на вработените значително го олеснува менаџирањето со сите состојби во самата болница.

**Како се справувате со предизвиците во управувањето со болницата и како ги мотивирате вашите колеги?**

- Поголем дел од работата на медицинскиот директор се состои од решавање на професионалните предизвици, најчесто третман на одредени состојби и прогноза во однос на состојбите на пациентите, за кои е потребен мултидисциплинарен пристап. Конзилијарните средби и презентирање на состојбите на пациентите се дел од работата, во исто време и ни овозможуваат напредок во однос на третманите и можностите кои ги нудиме на пациентите. Помал дел од предизвиците и обврските како медицински директор се состои од систематизацијата и прераспределбата на кадарот со кој располагаме. Самата можност за напредување во болницата, како професионално со доедукација, но и промена во позициите, овозможува висока мотивираност на целиот медицински персонал.

**Како ги одржувате професионалните знаења и вештини на ниво со најновите достигнувања и трендови во медицината?**

- Цел на секоја медицинска установа претставува високата професионална едукација на медицинскиот кадар и вештини кои ќе овозможат добра клиничка практика во институцијата. Континуираната едукација, присуство на научни собири и секако објавување на трудови се дел од постојаниот стремеж на сите медицински работници во „Ре-Медика“ за повисоки стандарди и достигнувања. Дел од кадарот, исто така, учествува и во научно-наставните процеси на еден од државните универзитети.

Се посветува и внимание на внатрешно институционално споделување на стекнатите знаења и нивна презентација, што уште повеќе го подигнува нивото на професионалност во нашата институција.

**Какви се вашите цели и визија за иднината?**

- Често се слушаат термините „добра клиничка практика“ и „високи стандарди на третман и нега“ за кои може нескромно да кажам дека се правила по кои се владееме во „Ре-Медика“. Но, за да се постигнат, треба системски да се работи за да го донесеме надоброто во стандардната нега за одредена состојба. Тоа се постигнува со почитување на поставените протоколи за болестите кои се третираат и се, секако, меѓународни протоколи кои се изведени од добра клиничка практика




и од медицината базирана на докази. Со неколку реченици, за да имате високи стандарди е потребно да се воведат и да се почитуваат поставените протоколи, да се следат промените на истите и да се обезбедат услови, техничка поддршка и едуциран кадар за нивно спроведување.

**Работата и како медицински директор и како хирург сигурно е полна со предизвици. Како ги балансирате професионалните и личните обврски, што ви помага да го одржувате менталното и физичкото здравје?**

- Современиот начин на живот и работните обврски бараат брзо темпо на функционирање, постојан проток и анализирање на голем број информации. Секако, самата област хирургија бара и физичка кондиција за да може да одговорите на предизвиците со кои секојдневно се среќаваме. Големата поддршка од семејството е секако дел од потребната енергија за да може да се издржи современото темпо на живеење.

Како голем вљубеник во природата и, секако, во убавините на Македонија, голем дел од слободното време го поминувам во природа. Често со фамилијата или со дел од моите пријатели со кои ја делиме истата љубов.

Не сум вљубеник во големи градови, па повремено посетуваме некои од европските помали места, каде што може да се осети вистинскиот дух на нацијата или специфичните карактеристики на културата на државите кои ги посетуваме.

**Што им порачувате на вашите пациенти, медицинскиот персонал и заедницата по повод оваа значајна годишнина?**

- Честит роденден на нашата и ваша болница „Ре-Медика“. Честит јубилеј. Беше и останува предизвик да ѝ служиме на нашата заедница како сериозна болница, да се грижиме за континуираниот напредок, здравје и благосостојба на сите кои сме дел од неа. Чест ни е што бевме ваш здравствен партнер изминативе 20 години, обезбедувајќи врвна услуга и иновативни медицински решенија. Ви благодариме за дадената доверба и поддршка, се радуваме и се надеваме на натамошна соработка во годините што претстојат.

Благодариме што сте дел од нашето семејство.

ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ПЕТАНОВСКИ, ГИНЕКОЛОГ-АКУШЕР, ШЕФ НА ОДДЕЛОТ ЗА ИВФ

# Ние сме уникантни во понудата, она што го работиме е привилегија во медицината

Пациентите ни веруваат, се чувствуваат безбедно, сигурно и пријатно во нашата болница. Тука направивме и модерен центар за инвитро фертилизација кој испорачува висок процент на успех, а тоа се бременоста и раѓањето на детето како врв на сите наши заеднички напори, вели проф. д-р Зоран Петановски, гинеколог-акушер, шеф на Одделот за ИВФ и додава: „Горд сум што денес имаме одлични тимови на млади луѓе кои се иднината на центарот“

**Вие сте сведок и директен учесник во растот и развојот на „Ре-Медика“. Како се чувствувате во дваесеттата година од постоењето на болницата?**

- Јас сум од почетокот на формирањето на „Ре-Медика“ и учествував во конципирањето на Одделот за гинекологија и акушерство и во формирање на тимот. Започнавме со компактен тим од гинеколози и акушерки кои имаа големо искуство, имено, претходно заедно работевме 20 години во болница која имаше околу 4.000 раѓања годишно и тоа беше клучен момент за да започнеме силно и успешно. Бевме тим со девиза „еден за сите - сите за еден“ и дека ние сме тука за нашите пациенти, а не тие за нас. Пациентите го препознаваат тоа и ни веруваат, се чувствуваат безбедно, сигурно и комотно во нашата болница. Што се однесува до Центарот за инвитро фертилиација, ситуацијата беше посложена. За да направите врвен инвитро центар потребни ви се одлично сетирана лабораторија, обучен тим од гинеколог и ембриолог. Јас го имав потребното искуство, а сенсот на сопственикот на болницата да ја прифати и етаблира идејата за искусен ембриолог кој ја познава работата на ИВФ-центар беше есенцијално за одличниот почеток на центарот. Ние ангажиравме искусен ембриолог од странство, со постојан престој, кој живееше неколку години во Македонија и кој не само што донесе резултати во поглед на висок процент на бремености, туку и, што е најважно, направи тим од наши перфектни ембриолози. Тоа беше одлучувачко за нашиот силовит старт и одлични резултати во полето на асистираната репродукција. Таа континуирана едукација, како на ембриолозите така и на гинеколозите инволвирани во инвитрото, продолжува и до ден-денес и јас сум навистина горд што денес имаме одлични тимови на млади луѓе кои се иднината на центарот.

**Дали сте задоволни од досегашниот успех?**

- Секако дека сум задоволен. Направивме модерен центар за инвитро фертилизација кој испорачува висок процент на успех, а тоа се бременоста и раѓањето на детето како врв на сите наши заеднички напори. Ние воведовме многу нови техники во изминатиот период и тоа нè прави уникатни во поглед на понудата на полето на асистираната репродукција .

**Како го мерите успехот?**

- Во асистираната репродукција тоа е едноставно - процентот на постигнати бремености и живородени деца. Ние немаме некоја помпезна реклама, но уште како млад, мојот шеф во Прага ми велеше дека една бремена жена ти носи нови три. Ете така ние работиме. Квалитетот кој го испорачуваме ни носи нови пациенти. Јас сум член на ЕИМ-комитетот на Европската асоцијација за хумана репродукција и секоја година праќам сумирани резултати на работата собрани од центрите во нашава земја. Гледајќи ги резултатите од цела Европа, можам слободно да кажам дека македонските инвитро центри испорачуваат врвен квалитет на ова поле.



**Што е вашето најголемо задоволство во работењето?**

- Мое мислење е дека она што ние го работиме во асистираната репродукција, за нас самите е привилегија во медицината. Имено, создаваме нова индивидуа и ја донесуваме на свет. Да, големо е задоволството кога ќе ги погледнете семејствата колку се среќни во моментот по породувањето, при испис од болницата кога си одат со своето новороденче.

**Која е вашата порака до пациентите?**

- Ако подолго чекаат на потомство, ако се детектирани некакви проблеми за забременување - да не чекаат и побрзо да се одлучат за преглед во Центарот за асистирана репродукција. Нашите методи може многу едноставно да го решат проблемот, затоа што секое одложување значи губење на време, а знаеме дека возраста на жената е клучен фактор за квалитетот на нејзините јајце-клетки.

Ние како лекари сме сведоци на две појави со негативен импакт на репродуктивниот потенцијал кај двојките. Првата е дека расте бројот на млади жени со намалена оваријална резерва. Тоа во комбинација со одлуката за постпонирање на планирањето семејство по 30. година донесува поголем ризик за бременост. Тоа е така бидејќи кај жената квантитетот, а особено квалитетот на јајце-клетките опаѓа со возраста. Затоа е потребно да се направи еден програм на редовна контрола на испитување на оваријална резерва со ултразвук и АМ-хормон како маркери за прогноза на оваријалната резерва кај жената и тоа во раната возраст, некаде околу 25 години. Кај оние кои имаат намалена оваријална резерва, да се замрзнат јајце-клетки кои можат да стојат замрзнати и повеќе од 10 години и кои ќе се искористат кога жената ќе одлучи да формира семејство. За разлика од јајчниците, матката може соодветно да се подготви и во подоцнежни години, и тоа јасно го покажува и програмот на донација на јајце-клетки каде што кај повозрасни жени имаме бремености и раѓања со инвитро програм. Овој програм на замрзнување на јајце-клетки и нивно чување веќе е етаблиран кај нас и има сè поголем интерес. Во контекст на замрзнувањето, сакам да напоменам дека сите жени кои се во репродуктивна доба, а имаат наод на карцином на некој орган, треба да замрзнат јајце-клетки пред почеток на терапијата кај онколог, бидејќи по таа терапија јајчникот ја губи способноста да создава јајце-клетки.

Од друга страна, спермограмите кај младите исто така покажуваат отстапки како резултат на факторите на живот, и за нив е потребно да се провери фертилниот потенцијал во младоста. Едноставно речено, секоја млада индивидуа треба да си направи спермограм и ако неговата оплодна моќ е намалена, да си замрзне сперма сè додека таа е квалитетна, па ако новиот спермограм е силно намален во моментот кога ќе се одлучи за потомство, тогаш оваа замрзната сперма е одличен бекап.

## Д-Р СИМОНИДА КОТЛАРОВА-ПОПОСКА, ШЕФ НА ОДДЕЛОТ ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО

# Вашето здравје е наш приоритет

Во моето искуство, успехот во оваа работа не се мери само со бројките, туку и со емоционалниот и професионален напредок што го постигнуваат и пациентите и персоналот. Постигнувањето на оваа хармонија значи дека одделот успешно функционира и продолжува да се развива, вели д-р Симонида Котларова-Попоска, гинеколог-акушер и шеф на Одделот за гинекологија и акушерство во „Ре-Медика“. Нејзината порака до пациентите е едноставна, но искрена: „Вашето здравје е наша најголема грижа, и ние сме тука за вас за да ви обезбедиме најдобра можна грижа, поддршка и третман“

**Две години го водите Одделот за гинекологија и акушерство во болницата во која работите многу подолго. Какво е вашето искуство, дали сте задоволни од досегашниот успех?**

- Две години раководење со Одделот за гинекологија и акушерство во болница која слави 20 години од своето постоење е искуство полно со предизвици и задоволства. Работата во болница со долгогодишна традиција носи чувство на гордост, но и голема одговорност, бидејќи имате можност да бидете дел од нејзиниот раст и развој. Тоа е една понесеност, која едноставно мотивира на сè поголемо вложување во работата и остварување на максимумот, со цел искачување на врвот. Дваесетгодишното опстојување на болницата за нас значи дека сме дел од институција со веќе изградена репутација, а нашиот успех е во тоа што сме ја одржале и унапределе таа традиција.

Во овие две години имав можност да се соочам со многубројни ситуации и да работам на подобрување на квалитетот на услугите, како и со постигнување нови стандарди на грижа за пациентите. Направивме инвестиции во усовршувањето на медицинската технологија, обуката на персоналот и имплементација на нови процедури кои го подобруваат квалитетот на здравствената грижа.

За мене, најголемиот успех е кога гледам дека пациентите добиваат најдобра грижа и кога тимот функционира како целина, сплотен и мотивиран за постигнување највисоки медицински стандарди.

**Како го мерите успехот?**

- Успехот во нашата работа може да се мери на повеќе начини, како од медицински, така и од персонален и институционален аспект. Според мене, успехот во водењето на Одделот за гинекологија и акушерство може да се изрази преку следниве мерливи факти, како што е процена на здравствените резултати за пациентите, на пример бројот на успешни завршени породувања, минимизирање на компликациите, намалување на морталитетот на мајките и новороденчињата и успешни третмани на различни гинеколошки состојби. Следно што е особено важно е задоволството на пациентите, кое го осознаваме преку редовни анкети и повратни информации од пациентите, а исто така и со отворената комуникација со пациентите и нивното задоволство од услугите, што може да открие слабости или области за подобрување. Трет показател би бил квалитетот на грижата – пациентите да добиваат навремена, безбедна и ефикасна медицинска грижа. Ова може да се процени преку повратните информации од пациентките, бројот на успешни интервенции и имплементацијата на современи медицински практики.

Успехот во работата се изразува и преку степенот на задоволство на персоналот, нивната продуктивност, обука и стручна надградба. Воведуваме нови методи, имаме подобрување на опремата, дигитализација на услугите и примена на најновите научни сознанија.

Во моето искуство, успехот во оваа работа не се мери само со бројките, туку и со емоционалниот и професионален напредок што го постигнуваат и пациентите и персоналот. Постигнувањето на оваа хармонија значи дека одделот успешно функционира и продолжува да се развива.

**Што е вашето најголемо задоволство во работењето?**

- Моето најголемо задоволство во работењето како гинеколог и акушер доаѓа од можноста да бидам активна и присутна во еден од најкритичните и најсреќни моменти во животот на жените и нивните семејства - раѓањето на нивното дете. Нема ништо позначајно од тоа да се биде дел од една таква ва-




жна и интимна ситуација, кога помагате да се донесе нов живот на свет.

Освен тоа, задоволството доаѓа и од успехот во справувањето со медицинските предизвици, како и кога успевам да обезбедам висококвалитетна грижа која води до добри исходи за мајките и нивните деца. Кога пациентите се задоволни и благодарни за грижата што ја добиле, тоа ми дава чувство на исполнетост и гордост.

Дополнително, огромно задоволство ми носи и тимската работа, кога сите членови на тимот работат во соработка за да се постигнат најдобри резултати во интерес на пациентите. Тука мора да ги спомнам колегите педијатри, колегите анестезиолози, нашите стручни акушерки, сестрите од одделот и од амбуланта, трансфузиолозите, хирурзите, уролозите, микробиологот, лабораторија, пултот, ИТ-службата... Сите сме сплотени во интерес на нашите пациентки. Кога гледам како колегите растат професионално, како новите методи што ги воведуваме даваат резултати и како одделот се развива, знам дека трудот вреди.

**Како се грижите за задоволството на тимот кој го водите?**

- Грижата за задоволството на тимот е клучна за ефективно функционирање на одделот и постигнување високи стандарди во медицинската грижа. Се обидувам да создадам работна средина која е поддржувачка, мотивирачка и со можности за професионален развој. Се залагам за отворена и искрена комуникација со колегите. Ги слушам нивните предлози, забелешки и грижи, што помага да се чувствуваат вреднувани. Во исто време, јасно ги пренесувам моите цели, насоките и очекувањата. Овозможувам тимот да се чувствува овластен да донесува одлуки, што ја зголемува нивната самодоверба и чувство на одговорност. Охрабрувам континуирано учење и обуки, поддршка за специјализации и учество на медицински конференции, бидејќи медицината се развива брзо, а сите во тимот треба да бидат во тек со новите методи, технологии и практики, со цел да го направиме одделот поконкурентен.

Секогаш ја нагласувам значајноста на тимската работа и ја поттикнувам соработката помеѓу сите членови, без разлика на нивната позиција. Кога сите работат заедно како тим, работната атмосфера станува многу поефикасна

>>

и позитивна. Редовно изразувам благодарност за трудот на секој член од тимот, било да се работи за мал успех или за поголеми достигнувања. Пофалбата и признанијата за добро извршената работа се многу важни за задоволството и мотивацијата. Дискусиите и поддршката помеѓу колегите се важни за да се пребродат тешките ситуации. Од друга страна, го охрабрувам тимот да се грижи за своето ментално и физичко здравје, што ги прави посветени и продуктивни.

Со овие активности се стремам да ја создадам атмосферата на позитивност, доверба и заедничка цел, што е основа за задоволство и успешна работа на целокупниот тим, бидејќи мотивиран и задоволен тим значи подобра грижа за пациентите.

Ако тимот се чувствува ценето и мотивирано, тогаш и пациентите ќе ја добијат најдобрата можна грижа.

**Што им порачувате на помладите колеги?**

- Мојата порака кон помладите колеги е полна со поддршка, охрабрување и совети кои можат да им помогнат во нивниот професионален развој. И јас бев едуцирана од моите повозрасни колеги и ценети професори. Моето мото кое го споделувам со младите колеги е: учете постојано, работете со срце и никогаш не губете ја човечноста. Ако се водите по овие принципи, не само што ќе бидете добри лекари, туку и вистински херои во очите на пациентите.

Секогаш кажувам дека мора да се сака медицината за да може прво да се изучи и потоа да се практикува. Ќе има долги ноќи, тешки одлуки и емотивни моменти, но секој спасен живот, секоја благодарност од пациент ќе ве потсети зошто сте ја избрале оваа патека.

Медицината е динамична и постојано се развива. Бара постојано учење и надградување, треба да се следат нови истражувања, нови методи и технологии. Емпатијата и разбирањето за нивните потреби и грижи ќе ве направат подобри лекари и ќе создадат доверба кај пациентите.

Медицината е тимски напор, и не можете да постигнете успех само како индивидуа. Силниот тим е основа за добри резултати.

Во медицината секој прави грешки. Важно е да учите од нив и да ги поправите. Важно е да не се плашите да побарате совет од поискусни колеги кога е потребно.

Професијата лекар може да биде многу стресна, па затоа е важно да се грижите за своето ментално и физичко здравје. Балансот меѓу работата и животот е клучен за долгорочен успех.

Понекогаш работата е тешка, а резултатите не се веднаш видливи. Но, упорноста и посветеноста на целиот процес ќе ви донесат резултати. Не дозволувајте да се откажете по првиот неуспех.




Професијата што ја имате е привилегија, и важно е да бидете благодарни за секој пациент и за секоја можност која ви претстои. Негувајте го своето искуство, но останете скромни и подготвени да учите од сите околу вас.

Хуманоста е најважна. Пациентите не се само дијагнози или бројки, туку луѓе со свои стравови, надежи и очекувања. Освен знаење, дарувајте им внимание, емпатија и утеха. Понекогаш еден збор на охрабрување може да значи повеќе од која било терапија. Давајте го најдоброто од себе во секој момент.

**Која е вашата порака до пациентите?**

- Мојата порака до пациентите е едноставна, но искрена: „Вашето здравје е наша најголема грижа, и ние сме тука за вас за да ви обезбедиме најдобра можна грижа, поддршка и третман“.

Секој пациент е единствен и заслужува да биде третиран со почит и внимание. Важно е да знаете дека во медицината не сте сами – секогаш имате тим од стручни лица кои работат заедно со вас со цел грижа за нивното здравје. Не двоумете се да го прашате вашиот лекар за сѐ што не ви е јасно. Вашето разбирање на процесот на лекување е важно.

Рано откривање на проблеми и редовни прегледи можат да направат голема разлика во лекувањето. Грижата за себе не е само физичка, туку и психичка. Обидете се да ги препознаете знаците на стрес или анксиозност и разговарајте со некој кога ви е тешко. Здравјето е целокупен процес, а не само отсуство на болест, затоа е важно да се водите по баланс и да вложувате во себе. Менталното и емоционалното здравје влијаат на целокупното здравје. Ние сме тука и за да ве поддржиме на тој план. Нашата категорија на пациенти, трудниците, се наоѓаат во посебна емотивна состојба: стрес од непознато, страв од болка, очекување на најважниот настан, хормонски налив, читање на туѓи искуства... Но, мирен збор и јасно образложување на постапките кои следуваат, смирен тон и поистоветување со пациентката помага за постигнување на нејзина смиреност и благосостојба.

Не сте сами. Во тешките моменти не се двоумете да побарате помош од нас. Здравствениот тим е тука не само за лекување, туку и за да ве поддржи емоционално и психолошки.

Мојата порака е дека секој пациент заслужува најдобра грижа, а ние сме тука да ја обезбедиме таа грижа со целосна посветеност и внимание. Задоволството и благосостојбата на нашите пациенти се нашиот примарен приоритет.

Вашето здравје е наш приоритет. Во секој момент, тимот на гинекологија и акушерство е тука за вас – да ве поддржи, да ве советува и да ви обезбеди најдобра можна нега. Не плашете се да прашате, да споделите грижи и да ни верувате. Вашето тело, вашето здравје и вашата благосостојба се во сигурни раце. Заедно можеме да ја градиме вашата иднина со здравје и среќа.

ПРИМ. Д-Р ИВАНКА СТЕФАНОВСКА,
ОРТОПЕД И ШЕФ НА ОДДЕЛОТ ЗА ДИЈАГНОСТИКА

# Чест е да се биде дел од овој колектив

Среќни сме што овој јубилеј, две децении „Ре-Медика“ го пречекуваме како болница што е препознаена особено од нашите пациенти и што за овие изминати години нашиот квалитет континуирано расте. Чест е да се биде дел од овој колектив, вели прим. д-р Иванка Стефановска, ортопед и шеф на Одделот за дијагностика

**По две децении работа на „Ре-Медика“, како шеф на Одделот за дијагностика, можете ли да направите мал рекапитулар на тоа како се менуваше и напредуваше одделот во овој период?**

- Одделот за дијагностика е комплексен оддел кој опфаќа амбулантно-дијагностички постапки од повеќе медицински дејности. Тука се вклучени интернистички, кардиолошки, хируршки, ортопедски, оториноларинголошки, ендоскопски, дерматолошки, невролошки, уролошки прегледи. Кон овој оддел се приклучени и биохемиската и микробиолошката лабораторија, рендген кабинетот и ординацијата за физикална медицина и рехабилитација.

Во овие 20 години, одделот ги прошири своите дејности во поглед на проблематиките кои ги обавува, но и кадровски сè со цел да одговори на барањата на пациентите и да обезбеди квалитетни медицински услуги.

Сметам дека одделот порасна, ја зголеми својата работа и стана релевантен фактор во нашиот здравствен систем.

**Како го доживувате јубилејот на болницата?**

- Среќни сме што овој јубилеј го пречекуваме како болница што е препознаена особено од нашите пациенти и што за овие изминати години нашиот квалитет континуирано расте. Мислам дека е чест да се биде дел од овој колектив.



**Што значи да се води оддел за дијагностика и што сè е потребно од аспект на опременост и екипираност за да се одговори на предизвиците?**

- Одделот е комплексен и опфаќа многу разновидни медицински области. Неговото оптимално функционирање бара соодветен кадар и секако опрема која вклучува современи дијагностички процедури. Токму затоа успеваме да одговориме на барањата на нашите пациенти.

**Следењето на најновите достигнувања во медицината е еден од приоритетите за квалитетна здравствена услуга. Како „Ре-Медика“ и одделот што го водите ја поддржуваат и промовираат континуираната едукација и развој на кадарот?**

- Квалитетната здравствена услуга подразбира редовна и континуирана едукација на кадарот, што подразбира посети на стручни настани, воведување на современи методи на дијагноза и лекување, но и академски напредок на кадарот, на што сме особено горди.

**Како се грижите за беспрекорно функционирање на овој голем оддел?**

- Одделот за дијагностика е голем и за негово успешно функционирање е неопходна добра организација и добра соработка на сите негови чинители. Сметам дека успешно функционираме на наше задоволство и на задоволство на наште пациенти.

## Д-Р ЗВОНКО КРСТЕВСКИ, АНЕСТЕЗИОЛОГ, ШЕФ НА ОДДЕЛОТ ЗА АНЕСТЕЗИЈА И ИНТЕНЗИВНА НЕГА

# Стекнатата доверба се проширува, 20 години врвна медицинска нега

Од самиот почеток „Ре-Медика“ ја стекна довербата со вниманието кое се посветува кон сите пациенти подеднакво, со беспрекорната нега и лекување, и пред сè грижата. Еднаш стекнатата доверба се проширува. Јас од самиот почеток велев дека ако на пациентите им обезбедиме врвна медицинска грижа, тогаш тие тоа ќе го согледаат и ќе ни доаѓаат повторно, што и се докажа како точно сиве овие години, вели д-р Звонко Крстевски, анестезиолог, шеф на Одделот за анестезија и интензивна нега

**Во годината кога „Ре-Медика“ одбележува 20 години постоење, каква е за вас големата слика за болницата, нејзиното растење и успеси, со оглед на тоа дека како анестезиолог и шеф на Одделот за анестезија и интензивно лекување сте дел од неа уште од самиот почеток?**

- Предноста што „Ре-Медика“ успешно работи веќе 20 години е можеби во тоа што од самиот почеток започна со примена на највисоки стандарди во лекувањето на пациентите, со користење на најсовремени техники за дијагноза, третман и оператива, континуираното осовременување на истите и следење на модерните медицински протоколи. Од самиот почеток „Ре-Медика“ ја стекна довербата со вниманието кое се посветува кон сите пациенти подеднакво, со беспрекорната нега и лекување, и пред сè грижата. Еднаш стекната доверба се проширува така што имаме пациенти кои од почетокот, па и сега по многу години ни се враќаат за свои или медицински проблеми или интервенции и на своите најблиски.

На Денот на здравјето, на 7 април 2005 година, „Ре-Медика“ започна да работи и успехот во работењето го одржи до ден-денеска, иако од почетокот имаше многу скептици кои мислеа дека како прва приватна општа болница во Македонија ќе има проблеми. Јас од самиот почеток велев дека ако на пациентите им обезбедиме врвна медицинска грижа, тогаш тие тоа ќе го согледаат и ќе ни доаѓаат повторно, што и се докажа како точно сиве овие години.

**Честопати сте нагласувале дека тимската работа е во основата на професионалното работење. Како го организирате тимот за да обезбедите висококвалитетна грижа за пациентите?**

- Во 1983 година, по завршувањето на медицинскиот факултет започнав да волонтирам на Одделот за анестезија и интензивно лекување при Хируршките клиники на Медицинскиот факултет - Скопје и ја увидов важноста на тимската работа во медицината. Правилната дијагностика и откривање на медицинскиот проблем кај пациентите, третманот или хируршката интервенција и постоперативното интензивно лекување и нега, сето зависи од заедничката работа на голем број медицински специјалности кои, секој од своја страна, учествува во третманот на пациентот.

Овој принцип на работа го вклучивме од самиот почеток на работата на „Ре-Медика“. Брзата дијагностика по првичниот преглед на пациентот, со тимски пристап и вклучување на сите специјалности, од интернисти, хирурзи, гинеколози, анестезиолози, микробиолози, педијатри, радиолози, трансфузиолози, биохемичари и други, е од огромно значење за да се постави правилна дијагноза, а потоа брзо да се третира или кај пациентот да се изврши хируршка интервенција. А за оператива, Одделот за анестезија и интензивно лекување при „Ре-Медика“ беше од најважните делови во третманот, со висок стандард на мониторинг, анестезија и постоперативен третман, каде што пациентот се прегледува пред самата интервенција, се подготвува и додијагностицира во зависност од неговата здравствена состојба и од



други заболувања, му се обезбедува најсигурна анестезиолошка техника за операцијата, а постоперативно се следи или интензивно се лекува во зависност од тежината на медицинскиот проблем во Единицата за интензивно лекување. Таму се вклучени сите потребни специјалности за да може пациентот најбрзо да се стабилизира и мобилизира, со потенцирање и на потребата за соодветно обезболување, во текот на целиот престој, а и потоа кога ќе се отпушти од болница. Анестезиолошкиот оддел соработува со сите, како еден тим за побрзо оздравување на пациентот.

**Кои се најчестите процедури што се работат во одделот, со оглед на тоа дека индивидуалниот пристап кон секој пациент е една од спецификите на „Ре-Медика“?**

- „Ре-Медика“ има капацитет и технички можности за изведување на сите видови хируршки операции, иако засега доминантни ни се интервенции од абдоминалната хирургија, гинекологија и акушерство, педијатрија, ортопедија и трауматологија, пластична и реконструктивна хирургија, ОРЛ-хирургија, урологија, торако-васкуларна хирургија.

Болницата обезбедува висок стандард на третман и нега на сите наши пациенти. Посебна грижа се води за најмалите пациенти, кај кои правиме сè да немаат лошо искуство при прегледите, а особено при операциите, на тој начин што ги внесуваме во сала со добра премедикација, да бидат смирени, а еден од родителите е покрај нив додека ги заспиваме и истите се покрај нив и кога се будат.

Исто така, посебен третман имаме и кон родилките за кои обезбедуваме соодветно обезболување и поткрепа. Кај сите анестезии се применува најсовремен мониторинг и анестезиолошка техника, кои ќе обезбедат сигурен сон или обезболеност, добар тек на операција и добро будење, како и постоперативна нега.

**Што е потребно за да се одржи чекорот со современите текови на анестезиологијата и интензивното лекување?**

- Кога пред 20 години ми беше понудено да бидам шеф на Одделот, единствен предуслов кој го барав беше да се создаде болница која е по терккот на сите стандарди на модерната ме-

>>

дицина, која ќе се опреми со најсовремена медицинска опрема и која ќе работи по најновите стандарди во дијагностиката, третманот и оперативата за нашите пациенти. Сето тоа се обезбеди и болницата од самиот почеток работи со обучен професионален медицински персонал, со најсовремена опрема која континуирано се возобновува во зависност од технолошките промени, и по најсовремени протоколи за лекување и со најнови оперативни техники.

Нашиот Оддел за анестезија и интензивно лекување го одржува чекорот со современите текови во медицината. Анестезиолозите и анестетичарите константно одат на усовршувања, учествуваат на конгреси и секции за да се запознаат и применат најнови техники за анестезија, најсовремени протоколи во интензивното лекување и по најнови стандарди.

Опремата постојано ја осовременуваме и заменуваме со најновите генерации на анестезиолошки апарати, со нови монитори, вентилатори, најнови анестетици.

А тоа се прави за нашите пациенти да добијат најдобра анестезиолошка техника и интензивно лекување и да си појдат кај најблиските здрави и задоволни од дадената медицинска нега и грижа.

„Ре-Медика“ започна со сериозен пристап на работа и истиот го одржува до ден-денес за добробит на нашите пациенти и клиенти.



КЕТИ ЈОВАНОСКА,
МЕДИЦИНСКА СЕСТРА ОДГОВОРНА НА ПУЛТОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ

# Наша грижа е пациентите да добиваат точни информации

Наша цел е на пациентите да им овозможиме топол и срдечен прием за да создадеме пријатна и домашна атмосфера за време на нивниот престој во болницата. Наша грижа кон пациентите е тие да добиваат точни информации за здравствените услуги во нашата болница, точен распоред за времето на ординирање и прецизни информации кои им помагаат да се насочат на прав пат



**Какво е вашето професионално искуство во „Ре-Медика“?**

- Во „Ре-Медика“ сум повеќе од 10 години и слободно можам да кажам дека моето професионално искуство тука е повеќе од позитивно. Најмногу поради тоа што сум опкружена со прекрасни луѓе со кои работиме и функционираме како семејство.

**Како се грижите за пациентите?**

- Сметам дека првиот впечаток што пациентите го добиваат е многу важен за понатамошниот тек на работата. Затоа наша цел е на пациентите да им овозможиме топол и срдечен прием, со цел да создадеме пријатна и домашна атмосфера за време на нивниот престој во болницата. Наша грижа кон пациентите е тие секогаш да добиваат точни информации во врска со здравствените услуги што ги врши нашата болница, точен распоред за времето на ординирање на нашите лекари и прецизни информации кои им помагаат на пациентите да се насочат на прав пат за да стигнат до позитивен исход при нивното лекување.

**Како се грижите за добра организација на работата?**

- Со оглед на тоа дека работиме во динамична средина, добрата организација на работата се сведува на добри комуникациски и организациски вештини и, пред сè, на добра тимска работа.

ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ, ОРЛ-ХИРУРГ

# Нашиот стремеж е систем кој одговара на иднината




**Она што нас нè прави препознатливи и успешни е тоа што секогаш се стремиме кон подобро, а услов за тоа се постојаната едукација, најновите технологии и современиот и срдечен пристап кон секој пациент. Тоа се методите кои се нашата водилка, вели проф. д-р Ѓорѓи Оровчанец, оториноларинголог-хирург**

**Две децении, вие и тимот за ОРЛ-хирургија, сте дел од „Ре-Медика“, дел од нејзината модернизациа, нејзиниот успех. Која е формулата да се биде дел од најдобрите?**

- Да се биде дел од најдобрите значи да се истакнеш меѓу најуспешните во некоја област, а за да се постигне тоа треба постојана работа на себе, надградба и едукација за најновите

пристапи за дијагностика и третман на различни состојби, потоа посветеност, тимска работа, успешно справување со различни ситуации и уште многу фактори кои ве ставаат во редот на најдобрите.

**Можете ли да направите паралела на почетоците на вашата работа во болницата со она што е денес ОРЛ-хирургијата во „Ре-Медика“?**

- Оториноларингологијата, како специјалност која се занимава со болестите на уво, нос и грло, како и други делови од главата и вратот кои се поврзани со овие органи, во „Ре-Медика“ многу се развиваше во текот на годините со интегрирање на најновите научни достигнувања.

Паралелата некогаш и сега може да се гледа од аспект на напредокот во превенцијата, дијагностиката и третманот на пациентите. Во тој контекст може да се каже дека се користат напредни технологии за дијагностика, како што се компјутерската томографија (КТ), магнетна резонанца (МР), ендоскопија и аудиометриски тестови, со што значително се подобрува процентот на рано дијагностицирање, а со тоа и благовремено лекување на пациентот. Во однос на третманот, денес се применуваат минимално инвазивни хируршки техники, како што се ендоскопските процедури кои овозможуваат побрзо закрепнување и ги минимизираат компликациите.

Сумирано, нашиот тим може да се пофали со голем напредок кој направи голема разлика во квалитетот на живот и продолжување на животниот век на многу наши задоволни пациенти.

**Што е она што намногу се работи кај вас?**

- Кај нас се работи на дијагностицирање и лекување на многу состојби кои се опфатени во делот на оториноларингологијата: проблеми со увото и слухот, третман на синусити, алергии, носни полипи, носна конгестија и проблеми со дишењето преку нос, болести на грлото и гласните жици. На таа листа се и неоплазмите на увото (бенигни и малигни), на носот и грлото, како и на делови од главата и вратот. Меѓу нашите специјалности се и хируршки третмани за полипи на нос и деформации на носната преграда. Исто така, препознатливи сме и во областа на педијатриската оториноларингологија - во лекување на болестите и состојбите кај децата.

**Што е она што ги прави препознатливи и успешни вашите методи во создавањето на иднината во здравството?**

- Она што нас нè прави препознатливи и успешни е тоа што секогаш се стремиме кон подобро. Тоа подразбира постојана едукација за најновите технологии и имплементација на тие технологии во секојдневната работа насочена кон високо-квалитетна здравствена грижа. Сето тоа резултира со силна позитива во превенцијата, дијагностиката и во третманот на различни состојби. Тука сакам да ја истакнам и нашата постојана соработка со професионалци кои несебично ни ги пренесуваат најновите медицински откритија и достигнувања, во насока на успешно справување со различни ситуации.

Сите овие методи се нашата водилка, а нашиот стремеж е успешно водење на систем кој ќе одговара на потребите на иднината.




ПРОФ. Д-Р ВЕСНА ПЕТРЕСКА-ДУКОВСКА, ОРЛ-ХИРУРГ

# Чувството дека сме помогнале е нашата најголема гордост

Чувството кога ги гледаме пациентите како напредуваат во лекувањето, како закрепнуваат и како продолжуваат да живеат подобро, како и благодарноста од нив и нивните семејства се најголема награда за професионализмот и стручноста кои ние ги негуваме во „Ре-Медика"

**Долги години сте дел од првата приватна општа болница во Македониа. Што значи за вас да се биде дел од високо професионален тим каков што е тимот во „Ре-Медика"?**

- Да се биде дел од високо професионален тим претставува чест и задоволство, особено да се биде со тим кој има високи стандарди и способности. Нашиот тим се карактеризира со високо ниво на стручност, искуство, постојано надградување и компетенција во својата област. Затоа нашиот тим може да се опише како тим кој работи по највисоки стандарди и постигнува одлични резултати, за што сведочат многубројните препораки од нашите пациенти.

**Кои се најновите иновации и технологии во ОРЛ-хирургијата кои ги користите во вашата работа и кои се вашите стратегии и методи во хируршките процедури?**

- Оториноларингологијата (ОРЛ) е специјалност која постојано се развива благодарение на иновациите во доменот на медицинските технологии и хируршките методи. Иновациите на ова поле подразбираат подобрување на дијагностиката, третманот и хируршките процедури, што резултира со многу поголема ефикасност, а многу помала инванзивност.

Во секојдневната практика на нашиот тим се користат голем дел од иновациите во ОРЛ-хирургијата, како што се минимално инвазивните хируршки техники и ендоскопијата.

Минимално инвазивните хируршки техники се постигнуваат благодарение на современата ласерска технологија, и заедно со ендоскопијата, се користат за различни состојби, како што се третман на бенигни и малигни заболувања (полипи и туморски формации во носот и грлото), третман за слип апнеа и уште многу други состојби. Со тие ласерски и ендоскопски технологии, што се дел од нашата практика, ткивата се отстрануваат со минимална инванзивност, закрепнувањето е побрзо, а успехот во намалувањето на постоперативните компликации е голем.

**Со какви сѐсостојби и заболувања се соочувате во вашата работа во „Ре-Медика"?**

- Во оториноларингологијата постојат многу болести кои влијаат на ушите, носот, грлото, главата и вратот. Од болестите на ушите начест е отитис, односно воспаление на увото, а од болестите на носот најчести се ринитис, синуситис, полипи и девијација на носната преграда. Од болестите на грлото најчесто се среќаваме со ларингитис, тонзилитис и малигни тумори на грлото, а од болестите на главата и вратот најчести се туморите, слип апнеата, цервикална лимфаденопатија и хипертрофија на крајниците. Сите овие состојби бараат различни третмански пристапи, кои можат да вклучуваат медикаментозна терапија, хирурушка интервенција или други специфични методи во зависност од сериозноста и типот на заболувањето.

**Со што најмногу се гордеете?**

- Најголемата гордост за нас доаѓа од чувството дека сме му помогнале на пациентот. Тоа значи спасување живот или подобрување на квалитетот на живот. Помагањето на пациентите да ја добијат битката со тешки болести, да преживеат сериозни операции или да се ослободат од хронична болка е една од најголемите сатисфакции.

Сакам да го потенцирам и градење на доверба кај пациентот, што за нас значи многу, бидејќи кога пациентот



> Најголемата гордост за нас доаѓа од чувството дека сме му помогнале на пациентот. Тоа значи спасување живот или подобрување на квалитетот на живот

ќе ни го довери своето здравје, тоа е признание за нашата посветеност и професионалност.

Од друга страна, чувството кога ги гледаме пациентите како напредуваат во лекувањето, како закрепнуваат и како продолжуваат да живеат подобро, како и благодарноста од нив и нивните семејства за нас се најголема награда.

На крајот, најголемата гордост на лекарот е чувството дека помогнал луѓето да имаат подобро здравје и поквалитетен живот.

**„Ре-Медика” годинава одбележува 20-годишен јубилеј. Колку сте задоволни од досегашната работа и од постигнатото?**

- Задоволството од досегашната работа и од постигнатото е многу важно, бидејќи да се биде лекар носи големи одговорности и предизвици. Тоа задоволство се одразува и кај личниот и кај професионалниот раст. Тоа задоволство е и во чувството на исполнетост кога гледате дека пациентот е излекуван и задоволен, а неговата благодарност ви потврдила дека секој труд се исплати. Задоволството е и во градењето на доверба кај пациентите, градењето на почит во тимот, а секако и во придонесот што го даваме во заедницата, па и во наградите и признанијата што ги добиваме за нашата професионалност, посветеност и знаење.

Во сето ова лежи нашата мотивираност да се продолжи со посветената работа и да се постигнуваат нови височини во кариерата, што ќе резултира со подобри здравствени услуги и подобро здравје.

ПРИМ. Д-Р МАРИНА ПОП-ЛАЗАРОВА, ПЕДИЈАТАР-НЕОНАТОЛОГ, ШЕФ НА ОДДЕЛОТ ЗА ПЕДИЈАТРИЈА И НЕОНАТОЛОГИЈА

# „Ре-Медика“ - 20 години во служба на новиот живот

Позитивните реакции кои ги добиваме, големиот број доени и здрави деца, среќни и задоволни семејства, ќе се согласите дека се голем мотив и сатисфакција за целиот персонал, вели прим. д-р Марина Поп-Лазарова, педијатар-неонатолог, шеф на Одделот за педијатрија и неонатологија

**Како шеф на Одделот за неонатологија и педијатрија, вие сте дел од „Ре-Медика“ уште од самиот почеток на работењето на болницата. Како ги доживувате изминатите две децении?**

- Изминатите 20 години, откако е основана и почна со работа болницата „Ре-Медика“, се период на големи стручни предизвици, интензивно и секојдневно вложување во работата со нашите најмали и највулнерабилни пациенти, децата. Породилиштето во „Ре-Медика“ годишно згрижува просечно околу 600-650 новородени деца, што значи дека за овие 20 години, околу 13.000 деца го започнале нивниот живот во нашата болница, што нè прави сите, како тим, исклучително горди.

**Што е тоа што беше клучно за развој на одделот кој го водите?**

- Современите имплементирани протоколи и упатства за работа, стандардизираниот и тимскиот пристап се несомнено најголемите и најзначајните достигнувања во овој период. Фамилијарно насочената грижа, стручната, но и човечка поддршка која ја овозможуваме континуирано, пред сè, на децата и на мајките, сметам дека на сите ни беа дополнителен мотив за понатамошен развој на одделот. Позитивните реакции кои ги добиваме, големиот број доени и здрави деца, среќни и задоволни семејства, ќе се согласите дека се голем мотив и сатисфакција за целиот персонал.

**Што е битно во организацијата на работата за да се задоволни и пациентите и вработените?**

- Тоа е навистина „чудесна“ формула, бидејќи многу е битно истовремено да имате задоволни пациенти и задоволен персонал. Тоа е процес на кој ги посветивме изминатите 20 години секојдневна работа, во што мислам дека успеавме, иако на почетокот кога ги етаблиравме сите стандарди за организација на работата не беше лесно, бидејќи персоналот доаѓаше од различни институции и со различно искуство. Успеавме да имплементираме тимска работа, унифицираност со воведување на (ISO) ИСО-стандардите и во соработка со пациентите да направиме одредени корективни активности во интерес на најдобрата медицинска практика. Секојдневно работиме на мониторирање и истовремено подобрување на нашите здравствени услуги.

**Што е најбитно за секојдневните одлуки поврзани со здравјето на малите пациенти?**

- Морам да нагласам дека нема иста бременост, породување или новородено дете. Токму поради тоа, за секоја стручна процена мора да се направи стандардизиран, но и индивидуализиран пристап. Ние како педијатри, неонатолози, мора да имаме холистички пристап и притоа постојано да ги мониторираме нашите мали пациенти, со кои, за жал, немаме вербална комуникација. Бидејќи станува збор за многу вулнерабилни, незрели деца, тие го бараат континуирано целото наше внимание и стручно знаење, бидејќи кај нив сите промени во состојбата се случуваат многу брзо и ненадејно.

**Како се справувате со стресните ситуации?**

- Да, тоа може да биде многу стресно, но истовремено е и голем стручен



предизвик. Имаме услови за континуирано мониторирање на сите витални параметри на децата, што е особено важно за брзо и навремено да се интервенира тогаш кога тоа е потребно. Големите технички можности за експедитивна и релеванта дијагноза многу придонесуваат за благовремена дијагностика и за соодветен и навремен третман, особено кај деца кои имаат потреба од интензивна или специјална нега. Важно е да напоменам дека секогаш  внимаваме да ги информираме и активно да ги вклучиме родителите во грижата за нивните деца. Имаме можности мајките да се измолзуваат и тие деца да ги храниме со измолзено мајчино млеко, кое истовремено за нив е храна, но и лек, што обезбедува нивно побрзо закрепнување.

**Кои се вашите препораки за родителите кога станува збор за здравјето и благосостојбата на нивните деца?**

- Планирана и сакана бременост, редовни контроли и пренатални скрининзи, соодветни и навремени интервенции кога се потребни, сè со цел да се добие новороденче со што помалку ризици, терминско и во добра кондиција. Доењето и соодветната грижа за детето, за што во „Ре-Медика" имаме континуирана едукација во текот на престојот преку „едукативен канал" и, дополнително, со практична обука на мајките еден ден пред испис, секако дека многу помагаат во подготовката на родителите за нивната нова функција. Со сето ова, вклучително и со редовните три амбулантски педијатриски контроли кои ги реализираме во првиот месец од животот кај секое новороденче породено во „Ре-Медика", обезбедуваме соодветна стручна и континуирана грижа во овој најпроблематичен адаптациски период.

**Како врвен педијатар со големо искуство, што би им советувале на младите лекари кои сакаат да работат како педијатри-неонатолози?**

- Убава, благородна, но тешка и одговорна специјалност. Многу е важно да ги сакаат децата и истовремено да се и добри психолози, бидејќи треба многу добра соработка и поддршка со новите родители со кои мора да се воспостави партнерски однос во заедничката грижа за благосостојбата и здравјето на детето.

## Д-Р НАДЕ ПЕТАНОВСКА, РАДИОДИЈАГНОСТИЧАР, ШЕФ НА ОДДЕЛОТ ЗА РАДИОЛОГИЈА

# Прекрасно е кога ја чувствувате поврзаноста со пациентите

Со задоволство можам да кажам дека работам со компактен тим кој е исключително стручен во својата работа. За сето тоа така да функционира заслужни сме сите ние, но и атмосферата на соработка и професионалниот однос во целата болница, радиолошки технолози со едукација и долгогодишно искуство во работата, вели, д-р Наде Петановска, радиодијагностичар, шеф на Одделот за радиологија

**Како Одделот за радиологија придонесува за целокупниот успех на болницата и грижата за пациентите?**

- Основата на дијагностичкиот оддел на секоја болница е радиолошкиот дел. Во нашата болница, радиолошкото одделение постои од нејзиното отворање и опфаќа конвенционална рендген дијагностика, мобилен РТГ-апарат кој се користи во операционите сали, во болничка и интензивна нега, компјутерска томографија и кабинет за дијагностика на болести на дојка. Одделот функционира амбулантски во две смени и дежурства и повици, што значи постојано сме на располагање на амбулантските и болничките, лежечки, пациенти.

Во склоп на нашата болница функционира и „Ре-Медика Струмица“, во која постои комплетен радиолошки оддел со конвенционален РТГ-апарат, мамографија, ултразвук и апарат за магнетна резонанца.

Работата на сите оддели во болницата се директно поврзани со радиолошкиот оддел. Без прецизна и точна дијагноза, поставена и со помош на нашите снимања, прегледи и биопсии, не би можеле да се извршат понатамошните процедури - терапии или оперативни интервенции. Посебноста на нашата болница е во тоа што нашиот оддел е во секојдневна и директна комуникација со преостанатите оддели и со колегите кои ги испратиле пациентите на снимање. При интервентните процедури, биопсиите, сме во директна комуникација со Одделот за патологија, а со предоперативните бележења под контрола на ултразвук или мамографија ја олеснуваме работата на хирурзите за прецизна локализација на промените кај кои хируршки интервенираат. Овој начин на работа и соработка е препознаен и од нашите пациенти и сметам дека е основа на успехот на нашата болница во целост.

**Како ја интегрирате новата технологија и иновациите во работата на одделот?**

- Снимањата се изведуваат на најсовремени РТГ (снимања на сите органи, панорамска графија на ‘рбет со единствен таков апарат во Македонија), компјутерски (вклучувајќи и виртуелна бронхоскопија и колоноскопија, ангиографии и коронографии) и ултразвучни апарати (ултразвик на дојка, абдомен, тироидна жлезда, врат и сите достапни регии на телото), мамографија.

Покрај стандардните снимања се изведуваат и интервентните процедури - биопсии на многу органи под контрола на ултразвук или компјутер.

За добрата работа на одделот, покрај специјализиран и обучен кадар (работат три доктори специјалисти радиолози и четворица радиолошки технолози), потребни се и квалитетни РТГ-апарати.

Од самото основање на болницата одделот почна да работи со тогаш најсовремената апаратура. Во целиот изминат период апаратурата континуирано се обновува и заменува со посовремена и поквалитетна. Оваа година се набавени нов дигитален РТГ-апарат и мобилен дигитален РТГ-апарат од најновата генерација. Со тоа се овозможува да се добие подобра слика, брза и точна дијагноза, а самите снимања да се побезбедни и безопасни за пациентите поради што се изведуваат со минимална зрачна доза.



**Какво е вашето професионално искуство, дали сте задоволни од функционирањето на тимот?**

- Работата во радиодијагностиката е тимска. Тоа подразбира заедничка работа на радиолошките технолози кои се обучени во извршување на снимањата и радиолошките процедури, и докторите радиолози кои ги користат тие снимки за анализа и поставување на дијагноза. Уште повеќе таа соработка и заедничка работа се гледа во изведувањето на интервентните радиолошки процедури.

Со задоволство можам да кажам дека работам со компактен тим кој е исклучително стручен во својата работа. За сето тоа така да функционира заслужни сме сите ние, но и атмосферата на соработка и професионален однос во целата болница, радиолошки технолози со едукација и долгогодишно искуство во работата.

Специфично за нашата работа е зависноста од следење на брзиот напредок на технологијата и апаратурата, особено видлива во етаблирање на нови методи во радиодијагностиката. Поради тоа, на нашите вработени им е овозможено следење и учење на новитетите преку посета и учество на школи, курсеви и конгреси насекаде во светот, а со цел тоа да го имплементираме во нашата работа и на сите наши пациенти да им овозможиме услуга на највисоко ниво.

**Вашата основна дејност е во кабинетот за дијагностика на болестите на дојка. Дали може да се каже дека расте свеста за превентивните прегледи кои може да значат живот?**

- Радиологијата се перцепира како дијагностика со црно-бели слики. Би сакала сега да ви ја претставам во еден друг „поколоритен" аспект од моето долгогодишно искуство со пациентите. Во кабинетот ги изведуваме сите потребни дијагностички процедури: мамографија, ултразвук, галактографии, биопсии на дојка. За разлика од другите делови на РТГ-одделот, овде прегледите и контактите со пациентите се подиректни, полични. На преглед доаѓаат симптоматски пациентки (со некаков проблем) и асимптоматски пациентки, на рутински редовни прегледи.

Со задоволство можам да кажам дека сè повеќе се развива навиката за превентивен редовен годишен преглед на дојките. Го разбирам стравот на секое доаѓање на превентивен преглед, кога ние кај жена без никаков симптом бараме знаци за рак на дојка. Но, сиот тој стрес поминува и олеснувањето е големо кога на нашите прегледи нема да се открие ништо сомнително. Го разбирам и стравот од секоја наредна контрола, но сум најзадоволна кога повторно се гледаме на закажаниот преглед следната година.

Од друга страна, моментот кога обичниот, редовен, рутински преглед ќе се претвори во ноќна мора верувајте не го одминува ни докторот. Она што е значајно, кога прегледот е редовен, е што откриените тумори се со мали димензии, во почетна фаза и тоа се обидуваме да им го објасниме на пациентките. Искреноста и отвореноста во тие моменти е од голема корист за прифаќање на лошата дијагноза и е клучна во градењето доверба лекар-пациент.

Прекрасно е чувството кога ја чувствувате поврзаноста со своите пациенти, и тоа е мотивот што ме води целосно и со најголемо задоволство да се посветам на мојата работа.

**Каква порака би им пратиле на пациентите?**

- Им препорачувам да се информираат и да ги прават прегледите во етаблирани и стручни установи, каква што е нашата во „Ре-Медика", во која работи тим од радиолози и радиолошки технолози со едукација и долгогодишно искуство во работата на современи и безбедни апарати.

Сакам да ја нагласам важноста од правилно направената панорамска графија на ‘рбетот, затоа што тоа најчесто се изведува кај деца кај кои важат посебни критериуми при рендгенските снимања.

На крајот сакам уште еднаш да ја нагласам важноста на превентивните прегледи на дојка кои исклучиво треба да ги изведува обучен специјалист радиолог со проверено искуство во таа област. Бидете одговорни кон своето здравје и следете ги нашите препораки за редовни прегледи.

ДОЦ. Д-Р НАТАША ТЕОВСКА-МИТРЕВСКА, ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГ

# Се гордеам кога името на „Ре-Медика“ стои до имињата на дерматолошките светски центри

Во секојдневната практика, кога ги применуваме најдобрите и најновите медицински методи и алатки, гледам како пациентите добиваат видливи и успешни резултати, што ме исполнува со гордост и задоволство. Секој напредок што го постигнуваме како тим е доказ за важноста на примена на светските стандарди кои треба да бидат достапни за секој пациент, без разлика на неговата локација, вели доц. д-р Наташа Теовска-Митревска, дерматовенеролог во „Ре-Медика“

**Какво е вашето професионално искуство во првата приватна општа болница „Ре-Медика“?**

- Во изминатите 20 години работам како дел од тимот на првата приватна општа болница „Ре-Медика“. Моето искуство започна како магистер по јавно здравство и продолжи кон дерматовенерологијата. Моето професионално патување започна со предизвици и неизвесности, како што тоа е случај за многу млади лекари. Влегувајќи во светот на дерматовенерологијата, се соочив со многу прашања и стравови, бидејќи не постоеше јасен водич што ќе ме воведе во научниот аспект на оваа специјалност.

Во тие први чекори, една од најголемите поддршки што ја имав беше од страна на мојата колешка, прим. д-р Лидија Бисеркоска-Атансовска, која безрезервно ме водеше и ме учеше во сите фази на моето професионално изградување. Благодарение на нејзината посветеност и стручност започнав да ги развивам и моето знаење и мојата самодоверба во оваа област. Со текот на времето развив моја лична стратегија за професионален раст, што вклучуваше не само клиничка работа, туку и активно учество во научни истражувања и едукација. Низ годините имав можност да учествувам во различни едукации и да го надградувам моето знаење, нудејќи им на пациентите најсовремени третмани и грижа.

Завршив докторски студии по клиничка медицина - дерматологија и воедно истражувањето е правено во мојата болница. Низ годините мојата кариера растеше надвор од Р.С. Македонија како едукатор за ласери и радиофреквенција. Посетив и едуцирав многу центри за дерматологија и естетика, а бев поканета и како предавач на многубројни семинари, симпозиуми и конгреси во земјата и надвор од неа. Кога ќе погледнам назад можам да кажам дека имам повеќе од 30 стипендии, добитник сум на неколку награди, работам како напреден тренер за ласерот „Фотона“, тренер за „Морфеус 8“, претставник сум за Македонија на Интернационалната унија за сексуално преносливи болести, дел сум и од Европскиот борд кој учествува во протоколите за сексуално преносливи болести, дел сум од протоколот за уртикарија, како аудитор и дел од одборот на „Гален“ за Денот на уртикарија. Исто така, потпретседател сум на Македонското здружение за сексулно преносливи болести, интернационален секретар во Македонското здружение за дерматовенерологија, а истовремено сум и доцент на Интернационалниот балкански универзитет и доцент на Канадскиот борд за естетска медицина, преставник на „Кост-Европска соработка во науката и технологијата за 3Д-кожа“, проект поддржан од Европската Унија.

**Што сè се работи на Одделот за дерматовенерологија во „Ре-Медика“?**

- Во Одделот за дерматовенерологија се нудат дијагностика и третман на многубројни дерматолошки состојби, од акни и егземи до хронични заболувања, сексуално преносливи инфекции, дерматотонкологија и естетика.

Одделот за дерматологија е на картата на мрежата „Гален“ како центар за одличност и рефрентност во работењето за уртикарија, атописки дерматити, ангиоедем, анафилакса. Дел сме и од мрежата „Дебра“ за епидермоли-



за булозна. Соработуваме со колеги од различни дисциплини за обезбедување на целосна грижа за пациентите, користејќи најнови методи за лекување и минимално инвазивни процедури како и фокус на превентивни мерки и едукација на пациентите за одржување на здравјето на кожата и спречување на кожни заболувања.

**Како се грижите за воведување на новините во лекувањето и во третманите кои се изведуваат?**

- Кога започнав со своето патување во дерматовенерологијата знаев дека за да го направам моето работење вистински значајно треба да го применам најдоброто од сите светски достигнувања во нашите локални услови. Од самиот почеток сметав дека не треба да се задоволам само со стандардните терапии и методи кои беа достапни, туку и да ги следам најновите светски трендови и практики кои ги применуваат најдобрите медицински центри во светот. Моето размислување беше едноставно: ако овие методи и технологии се успешни во најнапредните здравствени установи, тогаш тие мора да бидат достапни и за нашите пациенти овде, во Македонија.

Мојата цел беше да ги донесам овие иновации и методи во нашата болница, да ги адаптирам и имплементирам со цел да обезбедиме најдобра можна грижа за пациентите со користење на најсовремени терапии и техники. Во секојдневната практика, кога ги применуваме најдобрите и најновите медицински методи и алатки, гледам како пациентите добиваат видливи и успешни резултати, што ме исполнува со гордост и задоволство. Секој напредок што го постигнуваме како тим е доказ за важноста на примена на светските стандарди, кои треба да бидат достапни за секој пациент, без разлика на неговата локација.

Но, технологијата никогаш не го заменува човечкиот допир. Без разлика колку се напредни новите методи, секогаш е потребна таа лична врска со пациентот. Моето учење и воведување на новите техники не беше само процес на усвојување на нови вештини, туку и начин на кој се поврзувам со колегите и ги водам на патот на заедничкиот раст. Секогаш се стремам да ги следам најновите напредоци и трендови во медицината. Сметам дека континуираната едукација е клучна за обезбедување висок квалитет на здравствената грижа.

Во медицината, без разлика на сите достигнувања и напредок, постојано сме пред нови предизвици.

- Најубавата страна на оваа професија е што имаме можност да работиме заедно. Нашите колеги не се само соработници, туку и извор на инспирација. Активно ги споделувам новите сознанија со моите колеги, што создава култура на учење и напредок во болницата. Кога го делам моето знаење со моите колеги, кога ги гледам како напредуваат и како ги достигнуваат своите цели, чувствувам големо задоволство. Но, она што е уште поважно е дека чувствувам како растам и јас со нив. Со секоја нова генерација која ја обучувам се чувствувам како да станувам дел од нешто поголемо – мрежа на знаење и поддршка која трае низ целиот професионален живот.

**Што е она што ве прави најзадоволни и кои се вашите плановите за развој?**

- Моето најголемо професионално задоволство доаѓа од можноста да ги подобрам животите на пациентите. Како лекар чувствувам огромна одговорност да им помогнам не само физички, туку и психолошки, бидејќи верувам дека вистинската грижа е целосна и ги опфаќа сите аспекти на здравјето. Таа емоционална врска со пациентите ми дава дополнителна мотивација да продолжам со мојата работа и да се развивам како лекар. Способноста да ги применам моите знаења и да обезбедам значајни подобрувања во нивното здравје е постигнување кое ми дава дополнителна мотивација да продолжам со професионален раст.

Вклучувањето во значајни меѓународни проекти и протоколи, како и моето учество во многу истражувачки студии ми овозможува да продолжам да се развивам како лидер во областа на дерматовенерологијата и клиничката медицина.

Горда сум кога ќе го видам името на болницата, името на мојата земја и моето име рамо до рамо до светските центри за дерматовенерологија и естетика.

Секој успешен резултат е личен триумф, но и потврда на моето постојано вложување. Мојата страст кон дерматовенерологијата и едукацијата продолжува да ми дава сила за нови предизвици и можности. Моите идни цели не се само професионални – тие вклучуваат да продолжам да влијаам на напредокот на медицината и здравствената грижа, да ги инспирирам идните поколенија и да обезбедам највисок квалитет на здравствената грижа.

## М-Р ЗОРАН НИКОЛОВСКИ, ШЕФ НА ОПЕРАТИВЕН БЛОК И РАКОВОДИТЕЛ НА СРЕДНОМЕДИЦИНСКИОТ КАДАР

# Нашата успешна мисија е задоволни пациенти

Убаво е навраќањето наназад, ни покажува колку сме пораснале. Растот се гледа и преку бројот на персонал и преку бројот и типот на успешни интервенции. Сето ова се должи на напорот кој го вложуваме и препознавањето на нашите добри намери од страна на пациентите. Во нашата работа не се дозволени пропусти, затоа и се грижиме сè да тече беспрекорно, вели м-р Зоран Николовски, шеф на Оперативен блок и раководител на средномедицинскиот кадар во „Ре-Медика“

**Во „Ре-Медика“ сте од првиот ден на нејзиното работење. Како дел од растот и развојот на болницата, како го доживувате овој јубилеј?**

- Така е, во „Ре-Медика“ сум од нејзиното отворање, кога една група медицински персонал се префрливме од клиничкиот центар да работиме во првата општа болница во нашата држава. Едноставно ги препознавме желбата и ентузијазмот на менаџментот да се направи врвна медицинска установа која ќе биде една од водечките во регионот, која ќе биде препознаена по нејзиниот квалитет. Кога ќе се свртам наназад можам да заклучам дека сите заедно успеавме во првичните намери. Овој јубилеј го доживувам како потврда на тоа дека од самиот почеток сме биле на вистинскиот пат.

**Уште од првиот ден од работењето, во далечната 2005 година, се грижите за организација на Оперативниот блок и на средномедицинскиот кадар во болницата. Што е најважно за да функционирањето биде беспрекорно?**

- Оперативниот блок е срцето на болницата, имавме многу предизвици, но најважно од сè е дека се стремевме да направиме стандарди по кои ќе работиме. Добивме врвна опрема која требаше да се инкорпорира во системот, дојдоа најдобрите лекари и медицински сестри итн. Навистина, од самиот почеток ги имавме најдобрите ресурси, на нас остана сето тоа да се организира во една целина и да функционира беспрекорно. Во Оперативниот блок не се дозволени пропусти, секоја грешка може да заврши фатално, затоа беше неопходно сите заедно да ги почитуваме стандардите кои ги наметнавме и сите заедно максимално да се грижиме за опремата и инструментариумот.

**Какви се техничката опременост на болницата и стандардите на објектот?**

- „Ре-Медика“ може слободно да се пофали дека поседува врвна опрема, еднаква на најпознатите медицински центри. Можам слободно да кажам дека во ниту еден сегмент не заостануваме зад нив. Работиме со најновата генерација ендоскопски столбови „Олимпус“ (Olympus), комплетен инструментариум „Мартин“ (Martin), последна генерација лигашури „Форсе трејд ковидиен“ (Force tried Covidien), електрокаутери „Мартин„ (Martin), оперативни столови „Макует“ (Maquet), ласери „Лимер“ (Limer) и „Дорние“ (Dornie). Единствени во државата го имаме ласерот за простата и кршење камења во бубрег „Луменис“ (Lumenis). Делот за стерилизација е опремен со апарати „Гетинг“ (Getinge), а поседуваме и плазма стерилизатор „Стерад“ (Sterrad).

Оперативниот блок е изграден од специфични метални ѕидови кои овозможуваат беспрекорна чистота и одржување, воздухот се филтрира низ специјални хепа-филтри и сето ова придонесува практично да немаме никакви инфекции и позитивни брисеви од просторот и од воздухот.

**Динамичното темпо на работа може да биде и стресно. Како се одржува позитивната атмосфера на работењето?**

- Во Оперативниот блок персоналот се сретнува со многу стресни ситуации, со многу тешки човечки судбини, но и со многу позитивни приказни. Од друга страна, преку акушерските случаи и раѓањата се сретнуваме и со најубавото, почетокот на многу нови животи. За нас, кои сме одговорни за организација на работата, најзначајно е макси-



мално можно да го ослободиме персоналот од непотребни грижи, т.е. неговиот фокус треба да биде на работа, а сите други сегменти да бидат покриени од наша страна. Сите ние се грижиме за позитивната атмосфера во работењето и тоа на посредни и на непосредни начини, а можам да кажам и дека нашиот тим се состои од луѓе кои освен што се врвни професионалци, се и тимски играчи. Ние се дружиме и надвор од работните простории и надвор од работното време, организираме редовни прослави на празници и родендени. Или, поинаку кажано, персоналот може да согледа дека менаџментот се грижи за него.

**Како гледате на „Ре-Медика“ во иднина?**

- Разговорот го отворивме со тоа како некогаш, пред две децении, почнавме. Убаво е навраќањето, ни покажува колку сме пораснале. Растот се гледа и преку зголемувањето на персоналот. Ние започнавме со дваесетина медицински сестри, а денес тој број е пет пати зголемен. Бројот и типот на интервенции исто така бележи рапиден раст. Сето ова се должи на напорот кој го вложуваме и препознавањето на нашите добри намери од страна на нашите пациенти.

Токму ова навраќање station наназад ме охрабрува да кажам дека „Ре-Медика“ во иднина продолжува да расте и да се развива и покрај сите предизвици. Ние и понатаму ќе инвестираме во континуирана едукација на персоналот, еден од клучните елементи кога станува збор за современа болница, во осовременување на опремата и апаратурата. Знаете, медицината се развива многу брзо. Додека ние разговараме, некаде во некоја болница се развива некоја нова метода, со некоја нова технологија. Наш предизвик е сето она што се работи во светот, а е медицински признаено, што побргу да го имплементираме во нашата болница. Затоа и се трудиме да имаме максимално задоволен персонал кој потоа ќе продуцира и максимално задоволство кај пациентите. На крајот на денот, како професионалци кои работат во медицината, нашата мисија се среќни и задоволни пациенти.

# Врвен професионализам за врвна хигиена

**Две децении имаме одлична тимска практика која се должи на нашата професионалност и на условите за работа кои ги имаме овде. Одржувањето на хигиената е по највисоки стандарди и по строги правила од кои зависи добрата хигиенска практика, а од која, пак, зависи сечие здравје, вели Валентина Коркоска, одговорна на Хигиена и пералница**

**Какво е вашето професионално искуство во „Ре-Медика“?**

- Покрај стручниот медицински дел, хигиената е од витално значење за здравјето на пациентите, на медицинскиот персонал и на сите кои доаѓаат во болницата.

Јас сум вработена во „Ре-Медика“ уште од самиот почеток и веќе две децении имаме одлична тимска практика која се должи на нашата професионалност и на условите за работа кои ги имаме овде. Одржувањето на хигиената е по највисоки стандарди и по строги правила од кои зависи добрата хигиенска практика од која, пак, зависи сечие здравје.

**Како се грижите за добра организација на работата?**

- За организација на работата имаме професионална процедура: Подготовка на план и методи за одржување на хигиената во работната средина, обука на вработените за хигиена и нивно организирање во смени, работно упатство за чистење и дезинфекција со најсовремени средства и машини, работно упатство за управување со отпад (комунален и медицински), препораки од Комисија за спречување на интрахоспитални инфекции за добра превентивна практика на одржување добра хигиена во болницата за спречување на интрахоспитални инфекции и евиденција на тековно чистење.

**Според кои стандарди се грижите за хигиената во болницата?**

- За хигиената во болницата се грижиме според светски ISO стандарди. Имаме ISO стандард за квалитет и животна средина ISO 9001:2015 и ISO стандард за медицински лаборатории МКС EN ISO 15189:2022.

Овие стандарди ни помагаат во подобрување на организацијата и услугите преку систематски пристап за контрола на квалитетот, што вклучува редовно следење и подобрување на хигиенските и безбедносни практики.



**Што покажува дека работата е добро завршена?**

- Долга е листата на показатели дека нашата работа е добро завршена, а ние се трудиме да ги добиеме најдобрите критики и оцени. Првата проверка е од одговорните на одделенијата, а показатели дека работата е добро завршена се: Негативни резултати од месечните контроли на Центарот за јавно здравје, негативни резултати на контролните микробиолошки брисеви кои се работат интерно во Дијагностичко-микробиолошката лабораторија на „Ре-Медика“, негативност на интрахоспитални инфекции, да нема поплаки од пациентите за хигиената, потоа позитивните коментари на анкетните прашалници од пациентите, како и позитивна оцена од годишниот надзор на надворешната комисија за ISO 9001:2015.

Сето ова е заслуга на посветената, професионална и одговорна работа на сите вработени од тимот Хигиена.

# Нега
## која Ви е потребна,
# чистота
## што ја заслужувате




Eucerin®
Видно ги
намалува
10те знаци
на стареење
на кожата*
Нашата епигенетична
иновација
НОВО
Резултати
после
4 седмици*
PATENTED AGE CLOCK TECHNOLOGY
Eucerin
HYALURON-FILLER
EPIGENETIC SERUM
WITH EPICELL NE
MEDICAL SKINCARE
*Дерматолошки проучувања во тек на 2 седмици и 4 седмици, соодветно со 43 доброволци. Тестирање на продукт во употреба, за 4 седмици, со 160 доброволци.